ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1бр. 18/24-133*
*28.05.2025*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество најавна презентација и јавнаанкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2024 година со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А З А У Ч Е С Т В О**

**на повторна јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета** по Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на реката Отиња;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Браќа Миладинови";
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Страшо Пинџур";
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Љубен Иванов".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 25.561,78 m2.

Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/, ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јуни 2025 (понеделник) до 27 јуни 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 19 јуни (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*